**ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ОДРЖАНА О Б У К А**

# „Пристап и подршка на децата со тешкотии во учењето предизвикани од дислексија, дисграфија и дисклакулија“.

Обуката се одржа во февруари 2016 година во Скопје и Струмица, во организација на Сојузот на дефектолози на Р.Македонија.

***Обуката беше дводневна, со активно времетраење од вкупно 12 часа, составена од два дела***. *Во прviот дел учесниците се стекнаа со современи теориски сознанија за состојбата, додека вториот дел беше во форма на работилница, на која учесниците се здобија со знаења и вештини за практична имплементација на методите во професионалната практика.*

*По совладаната обука, учесниците се оспособени да користат елементи, методи и техники во работата со деца со дислексија, дисграфија и дискалкулија. На обуката во Скопје учествуваа 26 а во Струмица 28 стручни лица-логопеди и дефектолози, кои добија сертификати за учество.*

**Обуката ја реализираа:** д-р ДаниелТамаш, дипломиран дефектолог-логопед, вработена во ШОСО„Милан Петровиќ“-Нови Сад и предавач на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Нови Сад и Јелена Паниќ, дефектолог-воспитувач, реедукатор на психомоторика, вработена во Основното и средно училиште „9 Мај“ од Зрењанин, Р.Србија